Нејзината изведба во улогата на Мими е препознатливост за драмскиот израз која таа го поседува. Следуваат продукциите на Кавалерија Рустикана каде ја толкува улогата на Сантуца, Дона Леонора во Моќта на судбината, Амелија во Бал под Маски. Турандот во "Турандот", Ѓоконда во операта "Ѓоконда" Леди Магбет во операта "Магбет". Амелија Грималди во "Симон Боканегра", Одабела во операта "Атила".
Концертно настапува со Македонската Филхармонија, Словенската филхармонија, Софиската Филхармонија, Камерниот состав Бахус, и работи на бројни рецитали. Во 2000 година гостува на свеченото отварање на реномираниот меѓународен фестивалот Охридско Лето со Македонската филхармонија и изведба на Бетовен IX симфонија, гостува на свеченото отварање на фестивалот Скопско Лето со Вердиевиот Реквием, и настапува како гостин на отварањето на Струшките вечери на поезијата.

**КРИСТИНА СВЕТИЕВА** се истакнува како една од македонските најталентирани млади пијанистки и развива широка концертна дејност. Пијано започнува да учи и да настапува на шест годишна возраст. Дипломира во 2006 (со „cum laude") на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на проф. Т. Светиев, а магистрира во 2008 (со „cum laude" ) под менторство на проф. Жени Захариева. Во 2010, ја завршува својата две годишна специјализација на реномираната музичка академија во Париз "Schola Cantorum" под менторство на проф. Жени Захариева. Во 2014 год. докторира на Факултетот за музичка уметност – Скопје, под менторство на проф. Жени Захариева.
Кристина Светиева успешно настапува на подиумите низ Македонија ("Охридско Лето", "Скопско Лето", "Денови на Македонска Музика") и надвор од земјата (Турција, Италија, Франција, Бугарија, Шведска, Холандија, Хрватска, Чешка, САД).
Носител е на повеќе високи државни и меѓународни награди и признанија на натпреварите во Италија, Бугарија, Чешка, "Охридски Бисер", Сан Даниеле, Русалка.





НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА
"ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ"
КУМАНОВО

## НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
## ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА "ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ"
## КУМАНОВО

# КОНЦЕРТ

## ВЕСНА ГИНОВСКА ИЛКОВА,
## сопран

**КРИСТИНА СВЕТИЕВА, пијано**

**гост: ГОРАН МУРАТОВСКИ, виолина**



*програма:*
*Чајковски, Рахмањинов, Форе, Пуланк,*
*Лист, Штраус, Чилеа, Верди*

*28.11.2017 (вторник)    МАЛА САЛА    19.30 ч.*

## ПРОГРАМА:

1. П. И. Чајковски - Забит так скора
2. П. И. Чајковски - Хатјел бј јединое слова
3. П. И. Чајковски - Отчего
4. С. Рахмањинов - Не пој красавица
5. Г. Форе - Apres un Reve
6. Ф. Пуланк - Les Shemins de L'amoure
7. Ф. Лист - Oh! Quand je dors
8. Ф. Лист - Enfant, si j'etai Roi
9. С. Рахмањинов – Вокализа оп.34 бр.14 за соло виолина и пијано
   Горан Муратовски - виолина, Кристина Светиева - пијано
10. Р. Штраус - Morgen
    Горан Муратовски - виолина
11. Р. Штраус - Zueignung
12. Ф. Чилеа - арија на Андријана од операта
    "Андријана Лекуврер" - "Ecco respire appena"
13. Џ. Верди - арија на Амелија од операта "Бал под маски" -
    Morro, ma prima in gracia!



**ВЕСНА ГИНОВСКА ИЛКОВА** е родена 1972, во Скопје. Во 1994 дипломира во класата на професор Милка Ефтимова, на Факултетот за музичка уметност 2008, магистрира во класата на проф. Радмила Бакочевиќ во Белград. Посветува часови на својата работа, и притоа посетува семинари на светски педагози: Рајна Кабајванска, Гимет Лоранс. Дебитира во март 1996 година на сцената на Македонската опера и балет. Станува солист на куката истата година, а неколку години потоа е назначена за првенец на Македонска Опера и Балет (МОБ).
Својата репертоарна позиција како уметник ја донесува до најтешката форма за изведба на сцената, рециталиталната. На големиот број на сцени и концертни сали ги исполнува делата на Шуберт,Шуман, Чајковски, Глинка, Вебер, Лист, Сибелиус, Бернштајн и др.
За потребите на матичната кука има снимено повеке премиерни изведби, го има издадено своето ЦД насловено како "Вистински вредности" 2006 година.
Во Ноември 2002 е добитник на 13-то Ноемвриска Награда на град Скопје, прва општествена награда доделена од градот Скопје. Добитник е на наградата "Во светот на успехот" за 2005, додека во 2006 станува почесен амбасадор на Стопанската комора на Македонија. Сојузот на Музички Уметници на Македонија во 2009 и ја додели Златна Лира, награда за врвни уметнички достигнувања. Добитник е и на наградата "Виртуози" - музичко сценски уметник за 2014 година.
Во изминатите две децении е водечки драмски сопран во Македонската Опера и Балет. Девојката со кадифен глас, која со својата харизма, силна музичка драматичност, ја воодушевува публиката. За неа велат дека го има најсофистицираното пијано и специфицна вокална креација по која се препознаваат секоја нејзина изведба и интерпретација на музичко сценско дело.
Домашното деби го започнува во улогата на Микаела од операта Кармен, во и истата година станува солист на операта. Критиката ја препознава како млад спинтов сопран кој поседува извонредно легато и мајсторска техника во своето пеење.
Меѓународното деби го започнува во Националната Софиска Опера во 2001 каде работи на исклучително технички сложената улога на Елизабета во операта Дон Карлос, која и носи договор за работа на следната продукција на Тоска и нејзино гостување во Ростхам Театар, Алборг Центер Копенхаген. Подоцна гостува на отварањето на летниот фестивал во Пула, со ХНК Загреб, каде ја толкува улогата на Аида во операта АИДА. Во улогата на Дездемона влегува сосема спонтано и на големо задоволство ја работи со Љубљанската филхармонија, каде во улогата на Отело се појавува водецкиот тенор Јанез Лотриц. Исклучително важна продукција на која соработува за прв пат е гостувањето на фестивалот Аспендос во Анталија, каде во улогата на Радамес се појавува славниот Никола Мартинучи.
Кога ке се спомене ЦИО ЦИО Сан тоа е асоцијација за жената која успеа да ја подигне и критиката и публиката на нозе. По нејзината изведба никој не остана рамнодушен. Со самата продукција на Мадам Батерфлај застанува на пиедесталот на уметничката креација и интерпретација. Со нејзината лиричност во гласот работи на новата продукција на МОБ на операта Турандот во улогата на Лиу, која е оценета со врвни зборови од домашната критика,..." се потврди како вистински мајстор на обликување на фразата, со јасно доловен преку посебниот сензибилитет на Гиновска Илкова"...